[redacted]

ИП1 бр.15-96
03.05.2023г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел: 075 404 410
Е-пошта: d.blinkov@sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Генералниот инспектор за животна средина Дарко Блинков од Скопје со службена легитимација бр. 06-0010, врз основа на член 200 од Законот за животната средина ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022) и член 33 од Законот за инспекциски надзор во животната средина ("Сл.весник на РСМ бр.89/2022"), по извршениот редовен инспекциски надзор на ден 28.04.2023 година во деловното седиште на правниот субјект Трговско Друштво за производство и промет МАТО Илија, ДООЕЛ Скопје, застапуван од одговорното лице Илија Матовски, а заради отстранување на недостатоците утврдени во Записникот за констатација ИП1 бр.15-96 од 28.04.2023г. донесе:

# РЕШЕНИЕ

1) Се наредува на правниот субјект Трговско Друштво за производство и промет МАТО Илија, ДООЕЛ Скопје, застапуван од одговорното лице Илија Матовски во рок да ги отстрани недостатоците утврдени со Записникот за констатација ИП1 бр.15-96 од 28.04.2023 година при што:

   -Да изврши целосно усогласување со Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" бр.36/2012), по што Елаборатот да биде доставен до Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина на мислење.

   **РОК за реализирање на задолжението: 30 денови од приемот на решението.**

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел: 075 404 410
Е-пошта: d.blinkov@sei.gov.mk

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина согласно член 200 став (4) од Законот за животната средина утврди дека не се постапува согласно Решението и не се отстранат причините настанати со донесувањето на решението, државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот орган или суд, односно кривична постапка пред надлежен орган или суд, како и ќе отпочне постапка за одземање на добиените дозволи и овластувања.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 28.04.2023 година, Генерален инспектор за животна средина Дарко Блинков со лиценца бр. А060120016 и Виш Инспектор за животна средина Пејо Кировски, Раководител на Одделението за инспекциски надзор во животната средина-Скопски регион, извршија редовен инспекциски надзор во правниот субјект Трговско Друштво за производство и промет МАТО Илија, ДООЕЛ Скопје. Елаборатот за животна средина не е целосно усогласен со Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" бр.36/2012) и нема добиено мислење од надлежен орган Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

[redacted]

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-96 од 03.05.2023 година.

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел: 075 404 410
Е-пошта: d.blinkov@sei.gov.mk

Доставено до :
- Архива
ТДПП Мато, ДОЕЕЛ

**ГЕНЕРАЛЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

**Дарко БЛИНКОВ**